Република Северна Македонија
Национална установа - Центар за култура
"Бели мугри"
Бр 02-275/1
24.06. 2026 год.
Кочани


**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА – ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА**

**„БЕЛИ МУГРИ“ КОЧАНИ**

ул. „ Кеј на Револуцијата“ бб 2300 Кочани; тел.: 033/272-181; 075/462-559;

е-маил: ckbelimugri@yahoo.com,centarzakulturabelimugri@gmail.com;

www.ckbelimugri.mk


Врз основа на член 77-ж од Законот за култура (Сл. весник на РМ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/7, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18), член 21, став 1од Законот за вработените во јавниот сектор (Сл. весник на РМ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19 и 14/20) и член 21 и 23 точка 4 од Законот за работни односи (Сл. весник на РМ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 149/09, 50/10,124/10,47/11,11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/2019и бр.74/25), а во согласност со член 12 од Статутот на НУ ЦК „ Бели мугри“ Кочани, директорот донесе:

# ОДЛУКА

За избор на работници по објавен јавен оглас 01/2026

1.По објавениот јавен оглас 01/2026 за вработување на едно лица во НУ ЦК „ Бели мугри“ Кочани, објавен во дневните печати „ Вечер“ , „ Нова Македонија “ И „ Коха“, на ВЕБ страната на Установата и на Аенцијата за вработување и тоа и еден (1) извршител во организационата единица – Даватели на јавни услуги со работно место Друг стручен соработник во културата, во согласност со Ранг листа со арх. број 04-264/6 и предлог од Комисијата за спроведување на постапката за вработување од 23.06.2026 година со арх. број 04-264/7, се избира следниот кандидат:

- За работно место Друг стручен соработник во културата , шифра КУЛ 03 04 Г02 010 ,се избира Тошо Филиповски со пријава со арх. број 03-246/1

2. Со избраниот кандидат од точка 1 на оваа Одлука да се склучи договор за вработување на неопределено време по конечноста на Одлуката,

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Во дневните весници Вечер, Нова Македонија и Коха , на веб страницата на Установата и во агенцијата за вработување на ден 29.05.2026 година, НУ ЦК „ „ Бели мугри“ Кочани објави јавен оглас за вработување на едно лица: за работно место Друг стручен соработник во културата ( 1) извршител .

Во врска со објавениот оглас Комисијата формирана 15.06.2026 година со бр. 02-256/1 и по спроведената постапка за административна селекција на 16. 06. 2026 година во 10:00 часот и 19.06.2026 во 18:00 часот и извршеното интервју на ден 23. 06. 2026 година во 11 часот, Комисијата состави Ранг листа со бр.04-264/6 и предлог од Комисијата за спроведување на постапка за вработување достави предлог за избор на кандидат со арх. број 04-264/7 до директорот.

Директорот за горенаведеното работно место изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

Избраниот кандидат од точка 1 ќе засноваа работен однос во НУ ЦК „Беи мугри“ Кочани со потпишување на договор за вработување по конечноста на Одлуката.

**Правна поука**: Незадоволниот кандидат има право во рок од 8 дена да поднесе жалба до Управниот одбор на НУ ЦК „ Бели мугри“ Кочани.

НУ ЦК „ Бели мугри“ Кочани

в.д.директор

Габриела Стефановска